# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АВГУСТ 2024

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО АВГУСТ 2024 ГОДИНА



| | |
|---|---|
| Говор на омраза по национална припадност | 105 |
| Говор на омраза поради етничка припадност | 39 |
| Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет | 18 |
| Говор на омраза поради политичка припадност | 16 |
| Говор на омраза поради пол и род | 8 |
| Говор на омраза поради социјално потекло | 1 |
| Говор на омраза поради раса/боја на кожа | 1 |
| Говор на омраза поради статус на бегалец или мигрант | 1 |
| Излагање на подбив на претставници на странски држави | 1 |
| Говор на омраза врз основ на здравствена состојба | 1 |
| Говор на омраза поради интелектуална или физичка попреченост | 1 |

***На платформата регистрирани се 158 оргинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Во текот на месец август на веб платформата

**www.govornaomraza.mk**

**158** беа регистрирани вкупно случаи со елементи на говор на омраза, повикување на дискриминација и вознемирување по различни основи.

Овој месец беа забележани

**105 (55%)**

случаи на говор на омраза поради национална припадност,

**39 (20%)**

случаи врз основа на етничка припадност,

**18 (9%)**

случаи по основ на сексуална ориентација и родов идентитет,

**16 (8%)**

случаи по основ по основ на политичка припадност.

На самиот почеток на месец август забележан е говор на омраза на социјалните мрежи предизвикан од веста за победата на алжирската боксерка Иман Хелиф за која на медиумите излегоа непотврдени информации дека е интерсекс лице, со наслов ,,Биолошки маж боксуваше со жена на олимписките игри во Париз. Италијанката со солзи во очите го предаде мечот за 45 секунди“. Ваквите наслови објавени од страна на интернет порталите предизвикаа говор на омраза и вознемирувачки говор врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, забележан во коментарите.

На 8 Август, на Карплак се одбележуваше годишнината од смртта на македонските бранители кои го загубија животот за време на вооружениот конфликт во 2001 година. Веста дека спомен-плочата во чест на загинатите бранители кај Карпалак беше скршена, само еден ден по одбележувањето на годишнината од нивната смрт, беше дочекана со реакции забележани на социјалните мрежи кои содржат вонемирувачки говор и говор на омраза на етничка и национална основа.

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ